Врз основа на член 36 став 1 алинеја 6 од Статутот на здружението Институт за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје, Управниот одбор на седница го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ИНРЕКОМ СКОПЈЕ

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Институтот за развој на електронски комуникации ИНРЕКОМ Скопје.

### Член 2

Средства за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

### Член 3

Средствата за репрезентација се обезбедени со финансискиот план на Институтот.

Трошоците за репрезентација се обезбедени со финансискиот план во рамките на соодветна категорија односно ставка или потставка.

### Член 4

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

- При посета на претставници на државните институции на РМ;
- При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;
- При посета на претставници на странски односно меѓународни организации, претставници на странски амбасади или мисии во Република Македонија, членови на делегации и други претставници на странски земји;
- При посета на домашни или странски експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- Одржување на јавни состаноци, јавни седници или конференции за печат на ИНРЕКОМ, на кои се присутни и други физички лица или претставници на други правни лица;
- При работна посета во странски држави за кои што е издадено решение за службено патување во странство;
- Други случаи за потребите на Институтот како што се јубилеи, годишнини, празници и друго.

## ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

### Член 5

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

- Послужување безалкохолни пијалаци;
- Послужување алкохолни пијалаци;
- Службен доручек, ручек, вечера, закуска и слично;
- Подароци за посебни прилики, како сувенири, марами, вратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал.

Средствата за репрезентација можат да се користат 7 (седум) дена во неделата.

## ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

### Член 6

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

- Извршниот директор на Институтот;
- Програмскиот координатор на Институтот;

- Членовите на Управниот одбор на Институтот; и
- Вработени во Извршната канцеларија на ИНРЕКОМ.

**Член 7**

За користење на средствата за репрезентација од член 5 од страна на лицата наведени во членот 6 алинеи 2, 3 и 4 од овој Правилник, согласност дава Извршниот директор на Институтот или лицето кое тој ќе го овласти, со потпишување на документот за извршена услуга.

**Член 8**

Извршниот директор, програмскиот координатор и членовите на УО, можат да користат платежна картичка на име на Институтот како носители на истата.

За отворање на сметка и користење на платежни картички потребно е Извршниот директор на Институтот да донесе решение.

**Член 9**

Корисниците на платежната картичка, наведени во членот 8 став 1 на овој Правилник треба со свој рачен потпис да го потврдат месечниот извештај што банката го доставува во тековниот месец, за потрошените средства од картиците за претходниот месец.

**Член 10**

Паричните средства на платежната картичка, доколку не се потрошат до крајот на годината, треба да се вратат на сметката на Институтот.

По завршувањето на мандатот на Извршниот директор, членовите на Управниот одбор и програмскиот координатор, истите се обврзани да ги вратат платежните картички со кои се задолжени, при што платежните картички се затвораат.

**Член 11**

Раководителот на одделението за економско-финансиски работи на Институтот или пак ангажираното сметководствено биро, води евиденција дали трошењето на средствата е во рамките на

обезбедените средства со финансискиот план на здружението, за таа намена, и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено ги известува Извршниот директор на Институтот и членовите на УО.

**Член 12**

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој Правилник, лицето кое ја направило нарачката должно е да ги надомести трошоците на сопствена сметка.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 13**

За се' што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Скопје,

13.06.2019

__________________________

Стефан Јевтиќ

Претседател на ИНРЕКОМ Скопје